РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer 12-5376/2
17.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр.12-5376/1 од 12.12.2025 година, поднесено од барателот на информација ;на ден 17.12.2025 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, наш.арх. 12-5376/1 од 12.12.2025 година, поднесено од барателот на информација ,
во однос на следната информација од јавен карактер:

Кога ќе бидат објавени следните извештаи

- Извештај за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите за вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 и
- Извештај од изборното медиумско претставување во вториот круг од Локалните избори 2025 година.

2. **СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, на начин што Ве известуваме за следното:

Извештај од изборното медиумско претставување во вториот круг од Локалните избори 2025 година, 20-31 октомври – објавен на 18.11.2025, достапен на следниов линк https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/12/Извештај-за-вториот-круг-од-Локалните-избори-2025.pdf
и

Извештај за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите за вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 – објавен на 20.11.2025 и достапен на линкот https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/12/Извештај-за-ППР-во-вториот-круг-од-Локалните-избори-2025.pdf

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација несено е Барање за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр. 12-5376/1 од 12.12.2025 година, со кое се бара пристап до следните информации од јавен карактер:

Кога ќе бидат објавени следните извештаи

- Извештај за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите за вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 и

- Извештај од изборното медиумско претставување во вториот круг од Локалните избори 2025 година.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, член 88 од Законот за општата управна постапка и член 30 став 5 од Законот за јавните набавки, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

______________________

Цветанка Митревска

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги,
Директор,

__________________________

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.